РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ
ПО ЈАВНИ НАБАВКИ
СКОПЈЕ

| Примено: 08.06.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 09 | 112/12 | 0 | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УПРАВЕН СУД
СКОПЈЕ
9
GJYKATA ADMINISTRATIVE
SHKUP
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

У-5.бр.280/2021

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите Димитрула Апостоловска – претседател на совет, М-р Валентина Конеска и Биљана Никодиновска Петровска – членови на советот, со записничар Марко Таневски– судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Друштво за производство на индустриски гасови ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ ДОО Скопје, поднесена преку полномошник Емил Мифтари, адвокат од Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-112/5 од 10.02.2021 година, за избор на најповолна понуда, на јавната расправа на советот одржана во присуство на полномошникот на тужителот Андриана Јанковска адвокат од Скопје, полномошникот на тужениот орган Зоран Трајановски и полномошник на заинтересираното лице, Адвокатско друштво Лазов- Бадева-Љупка Велкова адвокат од Скопје, на ден 02.06.2021 година донесе и ја објави следната:

I

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Друштво за производство на индустриски гасови ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ ДОО Скопје, поднесена против оспореното Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр. 09-112/5 од 10.02.2021 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

II

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на полномошникот на тужителот Друштво за производство на индустриски гасови ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ ДОО Скопје за надомест на трошоци на постапката во износ од 48.776,00 денари, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

Барањето на полномошникот на заинтересираното лице Друштво за производство, трговија и услуги ЛГ Вест Балкан Индустриски и медицински гасови ДООЕЛ Скопје за надомест на трошоците во постапката во износ од 27.080,00 денари, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение бр. 09-112/5 од 10.02.2021 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки ја одбила жалбата на жалителот „ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ“ ДОО Скопје, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.01-20/8 од 20.01.2021 година, донесена по спроведена Постапка со преговарање без објавување на оглас бр. 01-20/2 од 04.01.2021 за набавка на стоки – медицински кислород со услуга за изработка на гасоводна мрежа од централен танк до модуларна болница на договорниот орган ЈЗУ Клиничка болница „Др.Трифун Пановски“ – Битола

[2] 09-112/12 [2021]

Незадоволен од оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр. 09-112/5 од 10.02.2021 година, тужителот поведе управен спор со предлог оспореното решение да биде поништено поради тоа што во постапката која му претходела на актот не се постапило според правилата на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право Во тужбата наведе дека второстепениот орган иако прифатил дека избраниот понудувач ЛГ ВЕСТ Балкан индустриски и медицински гасови ДООЕЛ Скопје направил грешки при поднесувањето на понудата кога наместо да достави Решение за вршење на дејност на промет со лекови и медицински средства, доставил Решение за вршење на дејност на промет на големо со лекови, нашол дека договорниот орган правилно постапил кога со првостепената одлука го избрал како најповолен понудувач. Наведува и дека тужениот орган направил повреда со непримена на член 2,точка 11 став 7 од Законот за јавните набавки барајќи оправдување надвор од можностите дадени со законот. Исто така смета дека при оценка на жалбените наводи на сега тужителот дали избраниот понудувач ги исполнува условите за квалитативен избор не се раководел од критериумите предвидени во тендерската документација. Понатаму наведува и дека повреда е сторена со тоа што иако наведува дека договорниот орган не бил во можност да добие и евалуира прифатлива понуда која ги исполнува условите од тендерската документација, жалбата на сега тужителот ја одбил како неоснована. Како повреда ја наведува и неправилната примена на член 5 и член 7 од Законот за јавните набавки, оносно дека е повредено и начелото на еднаков третман и недискриминација на економските опоратори кога иако не ги исполнува условите определени во тендерската документација оставена е во сила понудата на избраниот понудувач што резултирало и со зголемување на цената на течниот кислород за 20%. По однос на утврдената фактичка состојба во тужбата наведува дека истат останала неправилно утврдена бидејќи сега избраниот понудувач не докажал дека ги исполнува бараните услови со тоа што не доставил Решение за вршење на дејност на промет со лекови и медицински средства туку доставил Решение за вршење на дејност за промет на големо со лекови. Исто така наведува дека не доставил доказ дека го исполнува условот за исполнување на техничка и професионална способност предвиден во точка 2.4.3.2. алинеја 4 од Тендерската документација. Спротивно на оваа одредба се доставени потврди постари од 1 година, а исто така не е доставена изјава со која потврдува дека извршил минимум 3 испораки и монтажи на гасоводи во последната година во која е наведен назив на договорниот орган, вредност и контакт телефонски број за проверка.Смета дека во конкретниот случај не станува збор за општ интерес за република Северна Македонија туку станува збор за локален интерес ограничен на подрачјето на Битола. Како погрешна примена на матерјалното право се наведува погрешно засновање на одлуката на тужениот орган на член 163 став 3 од Законот за јавните набавки бидејќи сега тужителот барал поништување на Одлуката за избор на најповолна понуда а не барал поништување на договорот за јавна набавка, а погрешно и тужениот орган се повикал на одредбите од член 2, точка 10 и 11, член 3, член 55,член 81, член 95, член 141, член 145, член 163 од Законот за јавните набавки затоа што од истите не произлегува основаноста на оспореното решение. Поради наведеното предлага да се поништи решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки да се уважи жалбата на Друштво за производство на индустриски гасови ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ ДОО Скопје, да

се поништи Одлуката за избор на најповолна понуда по постапка со преговарање без објавување на оглас и да се задолжи договорниот орган целосно следејќи ја содржината на тендерската документација да изврши правилна и законска евалуација на понудите доставени во постапката. Бара и надомест на трошоците на постапката по јавната набавка, како и предјави трошоци за постапката по тужба во износ од 29.956,00 денари.

Судот постапи согласно членот 13 од Законот за јавни набавки со Известување У-5.бр.280/2021 од 01.04.2021 година го повика економскиот оператор ЛГ Вест Балкан Индустриски и Медицински гасови, како заинтересирано лице да достави свој одговор на поднесената тужба, кој на ден 14.04.2021 година до Судот достави одговор на тужбата.

Во одговор на тужбата тужениот орган наведе дека тужбените наводи на тужителот се неосновани и остана при наводите од оспореното решение, од причина што грешките кои се направени од страна на понудувачот се резултат на тендерската документација која иако е спроведена согласно член 55 од Законот за јавните набавки како постапка со преговарање без објавување на оглас, согласно став 11 на овој член договорниот орган нема обврска да ја утврди способноста на економските оператори , договорниот орган навел такви услови. Тужениот орган утврдил дека преовладуваат оправдани причини поврзани со општиот интерес и здравјето на граѓаните во Република Северна Македонија и дека склучениот договор согласно член 163 став 3 од Законот за јавните набавки потребен е да остане во сила во целост.

На јавната расправа одржана во присуство на странките полномошникот на тужителот дополни дека во услови кога договорниот орган побарал економските оператори да достават доказ дека поседуваат професионална способност бил должен евалуацијата на понудите да ја врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација.

Полномошникот на тужениот орган истакна дека од страна на договорниот орган се образложени причините поради кои е користена ваков вид на постапка, за што добил согласност и од Бирото за јавни набавки. Органот има должност само да го спази начелото на конкуренција, односно пракса е покана да се достави на најмалку два економски оператори.

Судот имајќи ги предвид наводите во тужбата, одговорот на тужбата, приложените списи и наводите на странките дадени на јавната расправа најде:

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека Договорниот орган, спровел Постапка со преговарање без објавување на оглас бр. 01-20/2 од 04.01.2021 за набавка на стоки – медицински кислород со услуга за изработка на гасоводна мрежа од централен танк до модуларна болница, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка бр. 01-20/1 од 04.01.2021 година. Постапката била спроведена како неделива, а договорниот орган во тендерската документација предвидел дека како критериум за 2/14 доделување на договор за јавна набавка ќе го користи критериумот економски најповолна понуда врз основа на цената. Од понудувачите било побарано да доставаат Изјава за сериозност и

Гаранција за квалитено и навремено извршување на договорот 5%. Договорниот орган на 05.11.2021 година доставил покани за преговарање до економските оператори: МЕСЕР ВАРДАР ТЕХНОГАС ДООЕЛ Скопје, ЛГ ВЕСТ БАЛКАН ИНДУСТРИСКИ И МЕДИЦИНСКИ ГАСОВИ ДООЕЛ Скопје и ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ ДОО Скопје. До крајниот рок за поднесување на понудите предвиден во поканата 18.10.2020 година, пристигнале 2 (две) понуди, по што била спроведена евалуација на пристигнатите понуди и било утврдено дека една понуда била прифатлива и ги исполнувала бараните услови од тендерската документација. По спроведените евалуација, Комисијата за јавни набавки дала предлог за најповолна да биде избрана понудата на економскиот оператор „ЛГ ВЕСТ БАЛКАН ИНДУСТРИСКИ И МЕДИЦИНСКИ ГАСОВИ“ ДООЕЛ Скопје. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган по што била донесена Одлуката за избор на најповолна понуда бр.01-20/8 од 20.01.2021 година. Незадоволен од донесената Одлука за избор на најповолна понуда бр.01- 20/8 од 20.01.2021 година, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднел економскиот оператор „ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ“ ДОО Скопје, која со оспореното решение ја одбила како неоснована поднесената жалба.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Врз основа на член 55 на Законот за јавните набавки (1) Договорниот орган може да спроведе постапка со преговарање без објавување оглас за јавна набавка за стоки, услуги или работи во следниве случаи: г) доколку поради крајна итност, предизвикана како резултат на настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди, роковите за другите постапки не може да се применат. Околностите со кои се оправдува крајната итност во никој случај не смеат да бидат такви за да му се припишат на договорниот орган. Според став (5) на овој член во случаите од ставот (1) точки в) и г) договорниот орган ја започнува постапката со преговарање без претходно објавување оглас само по добивање претходно мислење од Бирото. (6) По исклучок на ставот (5) од овој член, договорниот орган нема обврска да добие претходно мислење пред да спроведе постапка со преговарање без претходно објавување оглас врз основа на став (1) точка г) од овој член доколку директно се загрозени безбедноста, животот и здравјето на луѓето. (7) Мислењето од ставот (5) од овој член Бирото го дава во рок од десет работни дена од денот на добивање на барањето, односно пет работни дена во случаите на став (1) точка г) од овој член. (8) Доколку Бирото не го даде мислењето од ставот (5) од овој член во рокот од ставот (7) од овој член, договорниот орган може да ја започне постапката и без него. (9) Договорниот орган во одлуката за јавна набавка ги наведува и образложува причините за изборот на постапката со преговарање без објавување оглас. (10) Договорниот орган во текот на преговорите, однапред, во писмена форма, го соопштува последниот круг преговори, освен доколку бројот на кругови го објавил во документацијата во врска со доделувањето на јавната набавка, односно преговара со само еден кандидат. (11) Договорниот орган нема обврска да ја утврдува способноста на економските оператори во постапката со преговарање без објавување оглас. (12) Договорниот орган кон известувањето за склучен договор го прикачува и мислењето на Бирото во случаите кога истото е задолжително. (13) Формата и содржината на барањето на мислење од став (7) на овој член ги пропишува министерот за финансии

Врз основа на член 163 на Законот за јавните набавки „(3) Државната комисија може да одлучи договорот за јавна набавка или рамковната спогодба да остане на сила во целост или делумно иако е склучен спротивно на условите од ставот (1) на овој член ако, земајќи ги предвид сите релевантни околности, утврди дека преовладуваат оправдани причини поврзани со општиот интерес за Република Македонија заради кои договорот или рамковната спогодба треба да остане на сила. (4) Економските интереси може да се сметаат за оправдани причини во смисла на ставот (3) на овој член само во исклучителни случаи кога поништувањето на договорот или рамковната спогодба би довело до несразмерни последици.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган правилно ги применил горе цитираните законски одредби кога врз основа на истите ја одбил како неоснована жалбата на економскиот оператор. Имено од извршениот увид во списите кон предметот, како и согласно цитираните законски одредби, Судот утврди дека Државната комисија правилно ги ценела жалбените наводи како неосновани кои се однесуваат на доставената понуда од страна на избраниот понудувач „ЛГ ВЕСТ БАЛКАН ИНДУСТРИСКИ И МЕДИЦИНСКИ ГАСОВИ“ ДООЕЛ Скопје, кога наоѓа дека грешките направени при поднесување на понудата од страна на избраниот понудувач се резултат на тендерската документација која иако е спроведена како постапка со преговарање без објавување на оглас согласно член 55 на Законот за јавните набавки и согласно ставот 11 од истиот член, Договорниот орган нема обврска да ја утврди способноста на економските оператори, сепак договорниот орган навел услови кои економските оператори требале да ги исполнат. Според тоа наоѓа дека договорниот орган при утврдување на способноста во тендерската документација според поставените барања во точка 2.2.1.2 Способност за вршење професионална дејност и точка 2.2.2 Техничка и професионална способност не бил во можност да добие и евалуира прифатлива понуда која согласно член 2 точка 11 и член 109 на Законот за јавните набавки, меѓу другите е понудата поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување на способност, потребите и барањата од договорниот орган наведени во техничката спецификација и останатата тендерска документација. Во врска со горенаведеното, Судот наоѓа дека Државната комисија за жалби по јавни набавки правилно утврдила дека договорниот орган врз основа на вака спроведената предметна постапка за јавна набавка со преговарање без објавување на оглас по член 55 на Законот за јавните набавки, склучил договор за јавна набавка на стоки со избраниот најповолен понудувач, како и дека врз основа на итноста за потребата од предметната јавна набавка за третман на лица заболени од КОВИД 19 (COVID- 7/14 19) предизвикана од светската пандемија на КОВИД 19, дека преовладуваат оправдани причини поврзани со општиот интерес и здравјето на граѓаните во Република Северна Македонија и согласно член 163 став 3 на Законот за јавните набавки склучениот договорот за јавна набавка е потребно да остане на сила во целост, иако е склучен спротивно на условите од ставот (1) на наведениот член на Законот за јавните набавки.

При вакаа фактичка и правна состојба на работите, Судот имајќиги предвид горе цитираните законски одредби, констатира дека оспореното решение е законито.

По однос на барањето на полномошникот на тужителот за трошоци на постапката во износ од 29.956,00 денари, и предјавените на јавната расправа во вкупен износ од 48.776,00 денари, како и барањето на полномошникот на заинтересираното лице Друштво за производство, трговија и услуги ЛГ Вест Балкан Индустриски и медицински гасови ДООЕЛ Скопје за надомест на трошоците во постапката во износ од 27.080,00 денари, Судот одлучи согласно член 86 став 3 од Законот за управните спорови (Службен весник на РСМ 96/2019).

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 59-а став 1 од Законот за управни спорови.

Пресудено во Управен суд на 02.06.2021 година, под У-5.бр.280/2021.

Записничар – судски соработник
Марко Таневски

Претседател на совет - Судија
Димитрула Апостоловска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управн суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА:Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Пресудата да се достави на:
- тужителот, преку полномошник
- туженорган

Претседател на совет - Судија
Димитрула Апостоловска

КН/

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ 9 SHKUP GJYKATA ADMINISTRATIVE REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува
Судски службеник